**20251212685**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 6 и член 10 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24, бр.37/25, 86/25 и 101/25) и во согласност со член 15 став (1) алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-4368/2 од 02.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 8-та по ред седница за 2025 година одржана на ден 28.05.2025 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Член 1

Со овој Правилник се изменува и дополнува Правилникот за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-721/1 од 7 февруари 2025 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.50/25) и тоа по член 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

„1-а

„Службената легитимација од член 3 на овој правилник се издава на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот кои имаат статус на административни службеници, во понатамошниот текст: Агенцијата).

На вработените во Агенцијата кои немаат статус на административни службеници им се издава службен беџ".

Член 2

Во Образец бр.1 и Образец бр.2 зборовите:„датум на раѓање", „место на раѓање"„„живеалиште" и „крвна група", се бришат.

Член 3

Во член 3 став (4) зборовите:„датум и место на раѓање на вработениот во Агенцијата", „неговото живеалиште, и „крвна група", се бришат.

Член 4

По член 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

Службениот беџ на вработените кои немаат статус на административни службеници во Агенцијата е изработен од 135 грамска хартија кундздруг, во бела боја, пластифицирана со 175 микронска фолија со димензија 6x9,5 см.

На предната страна на службениот беџ од став 1 на овој член во горниот лев дел е логото на Агенцијата.

На истата страна, во средината има место за фотографија со димензии 2,5x3 см, а под се испишуваат податоци за: името и презимето на вработениот, звање на работното место, локација, потпис и печат на лицето овластено за издавање на беџот, односно Директорот на Агенцијата.

Од левата страна на беџот во долниот дел се впишуваат податоци за архивски број на беџот и датум на издавање на беџот (прилог Образец бр.4).

Член 5

Во член 4 став (1) по зборовите:„Службените легитимации“, се додава зборот:„/беџовите“.

Во ставот (2) од истиот член по зборот:„службената легитимација“, се додадава зборот:„/беџот“.

Член 6

Во член 5 по зборовите:„службената легитимација“, се додава зборот:„/беџот“, а по зборот:„истата“, се додада зборот:„/истиот“, и по зборот:„изгубена“, се додава зборот:„/изгубен“.

Во истиот член по зборовите:„Сектор за финансиски прашања„ се додаваат зборовите:„и Одделение за управување со човечки ресурси“.

Член 7

Во член 6 по зборовите:„службената легитимација“, се додава зборот:„беџот“, а по зборот:„неупотреблива“, се додава зборот:„/неупотреблив“.

Член 8

Во член 7 став (1) по зборовите:„службената легитимација“ се додава зборот:„/беџот“.

Во став (2) од истиот член по зборот :„Легитимацијата“, се додава зборот:„/беџот“ и по зборовите::„Сектор за финансиски прашања„ се додаваат зборовите:„и Одделение за управување со човечки ресурси“.

Во став (3) од истиот член по зборовите:„Службените легитимации“, се додава зборот:„/беџовите“.

Член 9

Во член 8 став (1) по зборовите:„службената легитимација“, се додава зборот:„/беџот“.

Во став (2) од истиот член по зборовите:„службени легитимации“, се додава зборот:„/беџот“.

Во став (3) од истиот член по зборот:„службени легитимации“, се додава зборот:„/беџови“ и по зборовите:„прилог образец бр.3“, се додава зборот:„Образец бр.5“.

Член 10

Во член 9 по зборот:„Службената легитимација“, се додава зборот:/беџот“.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Весник на Република Северна Македонија.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб страната на Агецијата.

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Станко Китаноски,** с.р.

Бр. 01-2427/8
28 мај 2025 година
Скопје

## ОБРАЗЕЦ БР.4/ FORMULARI NR. 4

ИМЕ и ПРЕЗИМЕ
Звање на работно место и локација
Директор на
Агенција за управување со одземен имот

Арх.бр:______
Датум на издавање:_______ м.п.

ИМЕ и ПРЕЗИМЕ /Emri dhe mbiemri
Звање на работно место и локација / Titulli i punës dhe vendndodhja

Директор на Агенција за управување со одземен имот /
Drejtor i Agjencisë për Menaxhimin e Pronës së Konfiskuar

Арх.бр./Arch. nr.:_________
Датум на издавање:/
Data e lëshimit::_________ м.п./v.n:

## ОБРАЗЕЦ БР.5/ FORMULARI NR. 5

## Евиденција на издадени беџови /Procesverbali i kartave të identifikimit

| **Реден број/регистарски број** **Numri Serial/Numri i Regjistrimit** | **Име и презиме** **Emri dhe mbiemri** | **Архивски број** Numri i arkivit | **Датум на издавање** Data e lëshimit | **Звање на работно место и организациона единица** Titulli i punës dhe njësia organizative | **забелешки** vërejtjet |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |